ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Коста Новаковиќ 22а, Скопје
Тел: (02) 2465 316; Тел/Факс: (02) 2463 900
info@childrensembassy.org.mk; www.childrensembassy.org.mk

# ЗАВРШЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2008 ГОДИНА

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Скопје, март 2009 година

**С О Д Р Ж И Н А**

*МИСИЈА........................................................................................ 3*

*Активности*

*1. 0800 1 2222 –*

*БЕСПЛАТЕН СОС ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ......3*

*2. БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ......................................5*

*3. ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ……………........…….............7*

**4. ПРОМОЦИЈА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО**
**И ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ.................. 10**

*5. БОРБА ПРОТИВ ПЕДОФИЛИЈА ...................................14*

*6. ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦАТА И НИВНИТЕ ПРАВА НА ИНТЕРНЕТ -CRISP…....................................................................16*

*7. ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА АКЦИЈА 2008- "ПОЛИТИЧАРИ ВРАТЕТЕ СЕ ВО УЧИЛИШНИТЕ КЛУПИ"- "ВРЕМЕ Е ЗА УЧЕЊЕ"..19*

*8. ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА .........................22*

*9. КАМПАЊА ЗА ОДГОВОРНО РОДИТЕЛСТВО*
*"Дали денес му кажавте на вашето дете колку го сакате"...22*

*10. ДЕТСТВО БЕЗ ЗЛОУПОТРЕБА- ЗА ПОДОБАР СИСТЕМ НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО ИСТОЧНА ЕВРОПА ..........….........23*

*11. КАМПАЊА "ВИДИ, СЛУШНИ, КАЖИ"....*.........................27

*12. ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА............27*

*13. УЧЕСТВА НА СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ, КОНФЕРЕНЦИИ....27*

**14. ПАРТНЕРСТВА, ДОНАЦИИ, СПОНЗОРСТВА ........................30**

**15. Активности за обезбедување самоодржливост на организацијата 32**

**16 . НАГРАДИ - Високо признание „Ангел на годината" на Драги Змијанац - Извршен директор на Амбасадата Меѓаши ..........................33**

**17. ДРУГИ АКТИВНОСТИ И *ЧЛЕНСТВА*....................................*35***

## МИСИЈА

Првата детска амбасада во светот-Меѓаши е меѓународна граѓанска организација чија цел е заштита на децата и нивните права и зајакнување на НВО движењето за правата на детето во Република Македонија. Амбасадата се залага за почитување на детската личност преку заштита на правата на детето, застапување на најдобрите интереси и збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко. Амбасадата ги поврзува децата од различни меридијани и го збогатува животот на децата со содржини кои детството го прават среќно, творечко и радосно.

## 0800 1 2222
## БЕСПЛАТЕН СОС ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222 при Првата детска амбасада во светот-Меѓаши е прв бесплатен телефон за деца и млади во земјава и тој континуирано функционира веќе 16 години. Досега, од 1993-2008 на СОС телефонот за деца и млади 0 800 1 22 22 имаме регистрирано 17.407 повици во врска со проблеми позрзани со насилство (физичко, сексуално и психичко), проблеми во семејството, со другарите, училишни проблеми, љубовни, лични и други проблеми. Тие го препознаваат бесплатниот СОС телефон за деца и млади како средство кое ќе им овозможи психолошка и/или правна поддршка во решавање на нивните проблеми. Оваа услуга ја овозможуваат многу млади луѓе, студенти и професионалци психолози, социјални работници, правници и сл, на волонтерска основа. Од почетокот до денес имаат волонтирано околу 120 млади луѓе (психолози, педагози и социјални работници).

Во 2008 година, СОС телефонот за деца и млади 0800 12222 одговори на 360 повици и е интервенирано во 199 случаи. Повиците во 2008 година се однесуваат на проблеми поврзани со злоупотреба и насилство врз деца (39,19), потоа семејни односи (34,17), правни работи (7,53), училишни проблеми (5,53), проституција, питачење, малолетничка деликвенција ( 2,51). Најголем дел од јавувачите беа од женски пол, иако во овој период забележавме зачестеност на повици од јавувачи од машки пол.

На табелата се процентуално прикажани најчестите проблеми кои биле посочени од страна на јавувачите. Во однос на 2007 година, во 2008 година зголемен е процентот на јавувањата за злоупотреба и насилство врз деца (за 25,76%), семејни односи (за 9,55%), прашања за правни работи (за 3,8%) и др.

| Вид на проблем | злоупотреба и насилство(физичко, сексуално, емоционално) | семејни односи (семејно насилство, старателство,конфликти) | правни работи | училишни проблеми | финансиска помош |
|---|---|---|---|---|---|
| **2007 год.** | 13,43% | 24,62% | 3,73% | 7,08 % | 7,46% |
| **2008 год.** | 39,19% | 34,17% | 7,53% | 5,53% | 2,01% |
| Разлика | 25,76% | 9,55% | 3,8% | 1,55% | 5,45% |

Постојат повеќе причини зашто децата се јавуваат на СОС бесплатниот број 0800 1 22 22. Децата се помеѓу најобесправените групи во секое општество, со најмали можности за информирање, поддршка или помош кога им е потребна. Добро е да се знае дека од помошта/поддршката не' дели само еден телефонски повик. Линиите за помош на деца им ја даваат можноста на децата да добијат помош и да ги изразат нивните проблеми. Нивната функција е од огромно значење и важност, бидејќи тие претставуваат значаен механизам на поврзување со децата што овозможува секое момче и девојче да биде слушнато. Нивната мисија е да одговорат на детските потреби за грижа и заштита.

Во работата на СОС телефонот во 2008 година активно беше вклучен работниот тим на Меѓаши со посебна поддршка од страна на волонтерките Маја Фотевска, Александра Јаргиќ и Ангелина Чалаковска.

Од 2005 година телефонската линија 0800 1 2222 е бесплатна, благодарение на Македонски Телекомуникации. Со оваа линија се постигна СОС телефонот да стане подостапен за децата и младите, посебно оние од пониските социјални слоеви. На оваа бесплатна линија може да се јават и оние на кои им е исклучен телефонот поради неплатени сметки.

### *Злоупотреба и насилство*

- Семејно насилство. Забележано е вербално и физичко насилство во семејствата, удари, инцест и силување, потоа вербална агресивност, заканувања, итн. Иако сеуште кај нас како и во светот машкото/таткото е повеќе процентуално посочен како агресор, сепак во првата половина на 2008. СОС операторите регистрираа забележително посочување и на мајката како агресор.

- Насилство во воспитно образовни институции (дете-дете,

наставник/воспитувач-дете). Забележана е вербална и физичка агресивност, недостаток на толеранција, емпатија и доверба помеѓу другарчињата на училиште, но и на наставниците во основните училишта и воспитувачите во градинка спрема децата/учениците.

- Семејни проблеми- најголем дел од јавувањата се однесуваа на проблеми поврзани со одредување на старателство врз децата или пак со решенијата за регулирање на видувањата на детето со родителот кој не е старател. Забележавме семејна дисфункционалност и недостаток на комуникација во семејствата каде врските се пресечени, како при разводите. Исто така, при семејните проблеми често пати беше посочено и семејното насилство.

- Психосоцијално и физичко здравје- помладите јавувачи (тинејџерите) најчесто се интересираа за здравствени совети. Понудивме поддршка и советување на децата и на родителите при проблеми поврзани со воспитувањето и едукацијата на децата, проблеми во комуникацијата во семејството и на училиште, проблеми во однесувањето, итн.

- Друго – финансиски проблеми, исцезнати деца, трговија со луѓе, проблеми со зависности, проблеми со административни судски/полициски постапки при случаи каде децата се субјекти.

За случаите за кои од SOS службата за деца и млади беше побарана поддршка за заштита на детските права, Амбасадата Меѓаши соработуваше со Народниот правобранител, а за одредени случаи кога беше потребно нашата комуникација беше упатена кон полицијата, судовите, центрите за социјална работа и др. Институции. Исто така имавме одлична соработка со другите невладини организации, и ги упатувавме до нив јавувачите во случаи кога сметавме дека тие посоодветно ќе одговорат на конкретниот проблем, како при проблеми со зависности и трговија со луѓе.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши е дел од меѓународната мрежа Child Helpline International - која ги обединува СОС сервисите за помош на деца од земји ширум целиот свет. Така, на 17 мај (Меѓународен ден на SOS линиите за деца) заедно го потенциравме фактот што ниедно дете не е само. Децата денес имаат можност да користат телефони, компјутери, радиопрограми и телевизија, и повеќе различни начини за да добијат помош и подршка. Во 2008та мотото на 17 мај беше Поврзување на децата. Исто така, 17 мај е ден кога ја користиме можноста да ја подигнеме свеста, особено кај претставниците на Владата, локалната самоуправа и телекомуникациските служби за потребата и важноста на овие SOS служби. Увидувајќи го непроценливото значење на оваа услуга која ја нудат линиите за помош на деца, тие можат да ги поддржат на повеќе начини, особено финансиски.

***ПРИМЕРИ:***

- 7 годишно момче и неговата мајка претрпуваат закани и физички удари од неговиот татко/сопруг кој се наоѓа во алкохолизирана состојба. Соседот кој е сведок, го врти бесплатниот телефонски број и ја добива помошта која им е потребна.

- 9 девојче од струшко село било силувано од пријател на нејзината мајка, која претходно ја претепала ќерката, при што вработените во Основното училиште во селото го пријавиле насилството на СОС-телефон. Секретарот на училиштето каде учело девојчето, изјавил дека за насилството го известиле Центарот за социјални работи во Струга, но дека оттаму веќе две недели не дошле во селото да пружат поддршка или да разговараат со мајката.

- Учителка го нарекувала ученикот ретардиран и правела притисок да се исклучи од класот, друга наставничка од основно училиште, кое се водело како елитно, ги навредувала децата со погрдни зборови и ги удирала децата по глава, со креда, тетратки и книги. Ученикот се пожалил кај класниот раководител, но му било одговорено дека тоа се случувало со години и поради партиската припадност на наставничката не можеле да преземат ништо.

## ***БЕСПЛАТНА ПРАВНА СЛУЖБА ПРИ ПДАС- МЕЃАШИ***

Во периодот од 01.01.2008 до 31.12.2008 бесплатната правна служба имаше низа случаи од кои дел беа проследени до соодветните органи, а дел беа третирани советодавно. Најголем дел од случаите на кои работеше правната служба се случаи пријавени на СОС телефонот како и случаи кои граѓаните на своја сопствена иницијатива дошле и ги пријавиле во просториите на детска амбасада. Исто така и медиумите ги користиме како извор на информации за некои случаи на кршење на детските права.

Правната служба соработува со Центрите за социјална работа, со Народниот Правобранител, со Министерството за внатрешни работи, со Јавното обвинителство и со други државни и социјални институции.

Во 2008 година правната служба на Детската амбасада реагирала во случаи каде имало прекршување на детските права. При тоа во зависност од случаите биле испратени барања, претставки или дадено е правно мислење и помош на странки. Барањата се најчесто испратени до Центри за социјална работа за случаи во кои било спорно старателството над децата и не бил земен предвид најдобиот интерес на децата, потоа за семејно насилство врз деца, злоупотреба на детски труд, попречување на правото на гледање на едниот родител. Во одредени случаи било испратено барање до училишта поради физичко и психичко насилство од врсници. Останатите барања се испратени поради отворање на прифатилиште за кучиња скитници во близина на живеалишта со што би се загрозило здравјето на

децата, пречки во остварувањето на правото на детски додаток, забрзување на судска постапка и финансиско олеснување на ученичка со физички пречки во развој и др..

Претставките се најчесто испраќани до Народниот Правобранител кога биле повредени правата на децата од државни органи. Реакциите се однесуваат на случаи кога била злоупотребена службена должност и тоа во случаи на физичко насилство врз деца под институционален третман, физичко и психичко насилство врз деца од страна на нивните родители, насилство во училиште од наставниот кадар, злоупотреба на деца во политички цели, вонбрачни заедници со малолетници, сексуална злоупотреба на малолетник. Претставка е испратена и до Министерство за образование поради дискриминација на ученици од страна на наставен кадар.

Покрај претставките и барањата, бесплатната правна служба во Детската амбасада дава и правно мислење и изготвува правни документи за потребите на барателите на услуги. Со иницијативата за донесување Закон за бесплатна правна помош, ќе биде овозможено и застапување на лица социјално необезбедени во рамките на судските процедури.

## *ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ*

Детските работилници претставуваат можност децата од различна етничка припадност и со низок економски статус, заедно да ја развиваат својата креативност и фантазија. Да се дружат со свои врсници и да учат како да се почитуваат меѓу себе и другите, да ги научат своите права, но и да превземат одговорност за себе си и своите постапки. Сето тоа се реализира преку најразновидни активности според интересите на децата, а со употреба на соодветни приврачни средства.

Од февруари до мај 2008. во детските работилници беа вклучени 115 деца.

### РАБОТИЛНИЦИ ВО МЕСЕЦИТЕ ФЕВРУАРИ – МАЈ 2008

Во периодот февруари – мај 2008 година, работеа следните работилници: англиски, германски, француски и албански јазик, по информатика, ликовна и применета уметност, оригами, литературно драмска работилница, за допишување, новинарска, спортска, како и работилници по математика, едукација за човекови вредности и работилница по шах.

Детските работилници ги водеа волонтерите: Славица Јосифовска ( германски јазик ), Наташа Наковска и Марија Трајковска ( англиски јазик ), Магдалена Поповска ( француски јазик ), Шерибан Клокочи ( албански јазик ), Александра Зикова, Јован Мазгански ( компјутерска работилница ), Слаѓана Кирковска и Шадија Дервишевиќ ( ликовна и применета уметност ), Јулијан Кашовски ( оригами ), Татјана

Јаневска ( литературно драмска ), Борче Стојановски ( Допишување со непознато другарче ), Маја Секулоска ( новинарска работилница ), Ѓурѓица Петрушевска и Елена Кечовска ( Едукација за човекови вредности и спортска ), Елизабета Цакончева ( математика). Детските работилници се координирани од Татјана Јаневска.

На 26 Март, литературно - драмската работилница беше поканета да учествува на литературното дружење на пензионерите во Друштво на пензионерите од општина Аеродром. Темата на литературното дружење беше посветена на животот и делото на македонскиот деец Крсте Петков Мисирков. Литературно драмската работилница настапи со рецитал, односно со цитати од делото За македонските работи, од Крсте Петков Мисирков. Присуствуваа сите деца членови на литературтната работилница, вкупно 14.

Месец април изобилуваше со повеќе настани на кои децата членови на Детските работилници, беа поканети да присуствуваат.

На 9 Април, присуствувавме на концерт на Железничкото културно уметничко друштво-Владо Тасевски-, по повод денот на железничарите. На овој концерт настапуваа и некои деца членови на Детските работилници. Програмата беше многу богата, а кореографиите и музиката предизвикуваа големи аплаузи кај публиката, особено во настапот на најмладите членови на друштвото. Концертот беше изведен во салата на Дом на АРМ.

На 11 Април, децата членови на работилницата за допишување со непознато другарче, имаа можност да присуствуваат на концерт на младите и популарни поп пејачи Елвир Мекиќ и Јован Јованов. Радиото Фортуна во соработка со пејачите донираа 14 карти за нивниот концерт, кој се одржа во Универзалната сала.

На 18 Април, музичкиот фестивал Супер ѕвезда донираше 20 карти за децата членови на Детските работилници. Присуствувавме на фестивалот во терминот од 11.00 часот, а сите деца кои беа присутни, заминаа распеани и со насмеани лица. Се забавуваа одлично.

На 19 Април, заедно со волонтерките од работилницата за едукација на човекови вредности и спортската работилница, организиравме посета на три културно-историски музеи во Скопје, а прошетката ја завршивме со излет на тврдината Кале. Го посетивме Националниот музеј на Македонија, каде имавме прилика да се запознаеме со етнолошкиот дел на музејот. Во Музеј куќата на Гоце Делчев, ја посетивме црквата Свети Спас и спомен плочата на македонскиот револуционер Гоце Делчев, каде се запознавме со неговиот живот и неговото историско дело. Тврдината Кале беше нашата последна дестинација, каде децата се одморија и ја заокружија прошетката со спортски активности (групни игри со топка и со хулахоп). На овој настан освен децата членови на Детските работилници, беа присутни и нивните родители, волонтерите и вработените од Детската амбасада Меѓаши, вкупно 40.

На 24 Април, членови од работилницата по применета уметност беа гости во детската емисија Пет +, на ТВ Канал 5. Поводот беше престојниот празник Велигден, а децата во самата емисија боеја велигденски јајца. Исто така, имаа прилика да покажат предмети кои ги прават на работилницата по применета уметност, а истите беа со теми за Велигден.

Оваа година, Неделата на глобална акција имаше многу богата и содржинска програма. Во сите денови на Неделата, имаше активности каде учествуваа и децата членови на Детските работилници.

Последниот ден на настанот, сабота, 26 Април, Детските работилници учествуваа со присуство на 30 деца во активности од работилницата по ликовно каде се цртаа цртежи, во работилницата по применета уметност се боеа фигури од гипс, а во работилницата по оригами, се правеа разни предмети од хартија во боја.
Сите деца беа облечени во маички кои го содржеа мотото - Сите на училиште- и беа забележливи од сите посетители во паркот.

На 20 Мај, Детските работилници учествуваа во програмата на акцијата Музејско-едукативна наградна игра, со афоризми за уметноста и човековите вредности. Акцијата беше спроведена како дел од програмата Денови на музеите, а организирана од страна на Музејот на Македонија, Музејот на град Скопје и Националната галерија на Македонија. На завршната програма, која беше посветена на најмладите љубители на уметноста, беа доделени вредни награди од областа на уметноста.

На 21 Мај децата членови на спортската работилница, учествуваа на отварање на спортскиот хепениниг во организација на Друштвото на пензионерите од општина Аеродром. Најстарите и најмладите членови на општеството се дружат со цел подобро да се разберат и да се почитуваат.

На 28 Мај, бевме поканети од страна на Друштвото за спортски активности Олимпиас, да учествуваме на олимписки фестивал и завршна приредба по повод поаѓање на децата во училиште, со тема Играме, Вежбаме, Растеме. Фестивалот се одржа во Коњичкиот клуб Дона, во населбата Волково. Децата (7) имаа можност да уживаат во богатата програма припремена од идните првачиња, во прекрасна природа, но и да почувствуваат како изгледа да се јава коњ.

Голема благодарност на родителите на децата членови на Детските работилници ( Анифе Рашиди, Рада Стојановска, Ирина Митрушева и Митко Богдановски), како и на децата членови на Детската амбасада Меѓаши ( Ерол Мифтар, Кристијан Ангелески и Леонард Марковски ), за нивното учество, помош, подршка и дружење во голем број наши активности.

## НОВОГОДИШНИ РАБОТИЛНИЦИ ВО ТЦ РАМСТОР

Во периодот од 15 до 30 Декември, во просториите на трговскиот центар Рамстор, Првата детска амбасада во светот Меѓаши, учествуваше со новогодишни работилници. Секој работен ден, во попладневните часови (15.30–19.30), се одржуваа работилници на кои се изработуваа новогодишни лампиони, новогодишни честитки и разни новогодишни оригами предмети. За време на викендите работилниците се одржуваа во периодот од 12.00 до 16.00 часот.
На работилните можеа да учествуваат сите деца кои се заинтересирани да поминат креативно исполнето слободно време. Секое дете кое учествуваше во работилниците, доби по еден изработен производ за себе, а со останатите предмети учествуваа во украсување на Рамстор. Покрај работилниците беше поставен и штанд на Детската амбасада, каде беа изложени рачно изработени предмети од децата членови на амбасадата, како и од волонтери. На штандот можеше да се купат и новогодишни честитки, кои за оваа година, исто така, беа направени од мотиви на цртежи што ги изработија децата членови на Детските работилници во Меѓаши.

## ПРОМОЦИЈА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ

Во текот на изминатите години Детската Амбасада Меѓаши константно развиваше и оствруваше различни активности за промовирање на детските права. Овие активности беа вршени со издавање печатени материјали, информирање во медиуми, застапување и лобирање и креирање и промовирање кампањи. Главната цел на информирањето за детските права е да се зголеми јавната свест на граѓаните за потребата на што поголема заштита на правата на децата и младите во Република Македонија.

Некои од реакциите кои ги реализираше Детската амбасада Меѓаши:

- **Реакција за акцијата за прибирање на децата на улица кои питачат и нивно сместување во Дневни центри**, која ја спроведоа Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика, при што Првата детска амбасада во светот - Меѓаши реагираше дека со спроведување на вакви акции нема да се реши проблемот (питачење, подведување, проституција, дрога и други најлоши форми на злоупотреба на детскиот труд....). Дневните центри за деца на улица се со привремен карактер и децата по напуштањето на Центарот повторно се на улица.

- **Реакција по повод штрајкот на СОНК** при што Првата детска амбасада во светот Меѓаши побара од СОНК и Министерството за образование и наука на Република Македонија (МОН) да ја почитуваат Конвенцијата за правата на детето (КПД) потпишана и ратификувана од Република Македонија каде јасно е дефинирано дека во сите активности кои се однесуваат на децата од примарно значење се најдобрите интереси на детето, при тоа не оспорувајќи го правото на штрајк на просветните работници кое е исто така

загарантирано право на граѓаните на Република Македонија, меѓутоа тоа да не се изведува на сметка на децата и на начин кој им наштетува.

## *БОРБА ПРОТИВ ПЕДОФИЛИЈА*

Бројот на случаи на педофилија во нашата земја е во пораст и беше сигнал за нас да започнеме со конкретни активности на национално ниво. До сега имаме бројни реакции до владините институции за санкционирање и казнување на сторителите на сексуална злоупотреба врз децата. Но наместо негативен тренд на педофилијата ние се соочуваме со зголемен број на пријавени случаи на деца жртви на педофилија. Во изминатите 12 месеци во Република Македонија најмладата жртва беше 5 години, а најстариот педофил беше 72 годишен маж. Молчењето и табуата за сексуалната злоупотреба врз децата сега е срушено. Порано случаите на педофилијата не се обелоденувале во јавноста поради неколку причини, како страв, срам како и стереотипите дека децата жртви, а посебно девојчињата треба да молчат за сексуалната злоупотреба главно од семејни причини.

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши во изминатите години се соочуваше со доста потешкотии во имплементирањето на програмата за заштита на децата од различни видови злоупотреба , и токму затоа успева да направи промени во системот. Ние лобиравме за модификација на судскиот систем и сега таа промена е направена, но проблемот е имплементација на законите. Детската амбасада Меѓаши минатата година активно лобирање за измени во кривичниот закон и сега казните за сторителите на ваков вид кривични дела се движат од 10 до 15 години затвор, а за дела кои се сторени на грозоморен начин или од страна на повеќе сторители како и за рецидивистите предвидена е казна доживотен затвор.

Како резултат на секојдневните случаи на сексуална злоупотреба и педофилија ЦИРА и Детската Амбасада Меѓаши започнаа со Кампања за собирање на средства од граѓаните и компаните за креирање Фонд за поддршка на децата и младите – жртви на сексуална злоупотреба во Македонија. Иницијативата беше поддржана од јавните личности, медиумите и граѓанските асоцијации во Македонија. Целта на кампањата е собирање средства за поддршка на децата и младите жртви на сексуална злоупотреба и нивните семејства, како и реализација на низа активности за надминување на последиците од сексуалната злоупотреба: правна помош, психо-социјална работа со жртвите, помош и поддршка на жртвите за интеграција во општеството, реализација на информативни и едукативни кампањи за превенција од сексуална злоупотреба на децата и младите.

- **Реакција по повод случаите на педофилија кои се случија во Велес** (74годишен маж сексуално злоупотребувал малолетно девојче во подолг временски период), и Кичево ( сексуално насилство од страна на тројца мажи постари од 60 години врз две девојчиња), (22.08.2008)

**- Барање за одземање родителско право и кривично гонење за сексуална злоупотреба на дете, трговија со малолетно лице и подведување на проституција за остварување финансиска добивка. (18.07.2008)**

**- Барање одговорност од државните институции во заштита на децата жртви од сексуална злоупотреба и построги казни за сторителите (26.06.2008)**

**- Реакција за случајот на деца побегнати од Домот "11 Октомври"**. Претставка до Народниот правобранител во врска со случајот на А. Ј. 11год. од Пехчево кој има и здравствени проблеми – тумор на бешиката, кој пријави физичко и психичко насилство кое е извршувано врз него и неговата сестра В.Ј. 9год. од страна на воспитувачите во Домот за деца без родители "11 Октомври" од Скопје, како и дека 20 дена не примило неопходен лекарски третман и не му менувале долна облека. Имено, во овој случај социјалната служба од Берово ги одземала децата од училиште без писмено да ги информира – само ги известиле по телефон, а А.Ј. избегал од домот за деца без родители "11 Октомври" од Скопје.

**Барање одговорност од државните институции во заштита на децата жртви од сексуална злоупотреба и построги казни за сторителите.**

На 26.06 2008 година, Првата детска амбасада во светот- Меѓаши по повод последните 4 случаи на инцест и силување на сопствената ќерка (12г) и нејзината другарка (12г) деца со лесна психичка попреченост од страна на Т.П. (51) од Богомила, за Велешанецот Х.Д. (35) осомничен дека се обидел да ја силува ќерката (14) на својата невенчана сопруга, Македонскиот државјанин Љупчо В. кој бил уапсен во Херцег Нови, Црна Гора откако бил осомничен дека допирал малолетници и Штипјанецот Јове К (40) кој е осомничен дека силувал две 13 годишни деца кои биле згрижени и избегале од Домот за деца без родители „ 11 Октомври„ од Скопје.

***Го проследуваме интегралниот текст од нашата реакција***: Првата детска амбасада во светот- Меѓаши бара од судиите да ги осудуваат педофилите, силувачите на деца и оние кои извршиле родоскврнавење со највисоки казни од 10 до 15 години, а за најтешките облици и доживотен затвор. Во Македонија има казнена законска основа за досудување најстроги казни за педофилите и сексуалните насилници над деца но сепак судиите најчесто досудуваат благи казни. Бараме од судовите, децата жртви на сексуална злоупотреба при судска постапка да бидат заштитетни од соочување со злосторникот. Изјавата што детето ќе ја даде во судот да биде една изјава во присутво на судија, психолог, педагог и лице од Центрите за социјална работа во специјална скрин соба. Да се биде сведок или жртва на злосторство, а потоа да се учествува во судска расправа е многу тешко искуство за возрасни луѓе, а уште потешко за децата. Детете се срами да зборува за тоа што му се случило. Понекогаш се чувствува виновно, изгубено, уплашено и напуштено, се плаши дека нема да ги исполни очекувањата на возрасните.

Најстроги казни доживотен затвор за лица кои извршиле полов напад на дете како казнена мерка може да помогне сторителите на овие кривични дела да бида во целосна изолација која како казнена мерка може превентивно да помогне да не се случуваат сексуални злоставувања над деца од истите сторителите, а воедно да биде и опомена за сите идни случаи.

Исто така бараме и преземање на одговорност од раководтсвото на Детскиот дом за деца без родители „11 Октомври„ од Скопје за нивната негрижа за децата кои биле исчезнати а едно од нив и бил 23 дена во заложништво на педофилот Јове К. (40) од селото Шашаварлија, Штип. Мора да постои примарна, секундарна и терцијална превенција. Да се спороведуваат активности кои ќе водат до намалување на овие појави и активности за ресоцијализација и рехабилитација на лицата кои биле жртви на сексуално насилство.

Исто така сметаме дека за случајот со педофилот Т.П (51) и сексуална злоупотреба од Т.П. над неговата ќерка (12г) и нејзината другарка (12г) со пречки во развојот кои се штитенички на специјалното основно училиште „Маца Овчарова„ од Велес. Оваа државна институција треба да има увид за состојбата со децата како нивни штитеници.

Злоупотребата на децата (сексуална, економска, физичка како и останатите форми на злоупотреба) е сериозен проблем и бара големо внимание, заштита и дејствување на сите нивоа. Тоа подразбира синхронизирано и заедничко превентивно дејствување на сите релевантни фактори кои имаат удел во воспитувањето и грижата за децата како семејството, институциите на државата, граѓанските организации и медиумите.

Ги потсетуваме одговорни државните институции дека Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за правата на детето и се има обврзано да ги почитува сите права предвидени со оваа Конвенција. Последните случаи на сексуална злоупотреба на децата се повторен пример на најсурово кршење на правата на децата загарантирани со Конвецијата. Според член 34 од оваа Конвенција државите потписнички се обврзуваат да ги штитат децата од сите облици на сексуално искористување и сексуално малтретирање. За таа цел, особено е значајно државите членки да ги преземаат сите соодветни национални, билатерални и мултиратерални мерки за спречување на најлошите форми на сексуална злоупотреба и искористување.

Сметаме дека е многу важно за насилството да не се молчи и затоа ги охрабруваме децата, родителите, најблиските да го пријавуваат сексуалното насилство и злоупотреба. Нашите информации од СОС телефонот за деца и млади 0 800 1 22 22 говорат дека од вкупно 17100 повици за овие 15 години отакко е формирана оваа служба за злоупотреба и насилство се имаат јавено 9,83 % од јавувачите или 1739 јавувања за насилтво и злоупотрба. Во 2007 година 13,5% од вкупниот број на јавувања се најлоши форми на злоупотреба на децата. Но, темната бројка односно бројот на непријавени случаи за злоупотреба на децата во реалноста е далеку поголема. Светските податоци говорат дека 70% од случаите на сексуална злоупотреба остануваат непријавени заради стравот, срамот и незнаење кои децата го чувствуваат, реакцијата на средината како и стравот од

неизвесноста на последиците со кои ќе се соочат. Првата детска амбасада во светот Меѓаши континуирано работи на овој проблем, со тоа што нуди психосоцијална поддршка и бесплатно правно советување и застапување.

Родителите имаат посебна одговорност во грижата, заштитата и обезбедувањето сигурно детство на нивните деца. Тие треба да посветат посебно внимание на децата и да ги заштитат од можни злоупотреби. Одговорното родителство е најдобра превентива од злоупотреба на децата. Загрижувачки е фактот што забележуваме една патологија на колективно ниво во нашата земја. Се повеќе сретнуваме случаи на сексуално насилство и педофилија, пад на моралните вредности и повредување на она што ни е свето- децата. Децата кои ни се симбол на животот, на иднината и надежта.

Бараме од Центрите за социјална работа да имаат засилен увид и да преземаат соодветни мерки за превентива и надзор во дисфункционални семејства. Државата да инвестира во подигање на капацитетите на Центрите за социјална работа во реализирање активности за превенција и заштита на децата. Центрите за социјална работа треба да бидат помобилни, поефективни  и континуирано да ја следат состојбата на можни злоупотреби на деца во семејства во ризик како и преземање содветни мерки со што превентивно би дејствувале. Тие можат да дадат најголем придонес во превенцијата од злоупотреба на децата бидејќи се во непосреден контакт ( би требало да бидат) со семејствата во кризна состојба. Центрите за социјална работа имаат значајна улога во ресоцијализацијата, реинтеграцијата и рехабилитацијата на децата со цел полесно и побрзо надминување на последиците.

Останатите реакции може да ги најдете на страната на амбасадата Меѓаши
www.childrensembassy.org.mk
семинари/обуки „Сексуална злоупотреба на децата и нивната кривично правна процедура“

**Детската амабсада Меѓаши ги организираше следните тренинзи во 2008 година:**

- Во организација на Академијата за обуки на судии и обвинители и Првата детска амбасада- Меѓаши денеска во Скопје се одржа семинар на тема „Сексуалната злоупотреба на децата и нивната кривично правна процедура. Целта на обуката е сензибилизирање на судиите за начинот на судење при ваквите сличаи. Во Македонија следната година треба да има околу 30-тина обучени судии и обвинители кои ќе постапуваат во случаи на сексуална злоупотреба на малолетници.

До 2009 година во Македонија треба да има околу 30 обучени судии за случаи на сексуално злоупотребувани деца. Судењата треба да се завршуваат брзо и без одложувања, казните за педофилите да бидат високи, а децата жртви да бидат под постојана заштита на социјалните центри за време и по судењето.

## ФОНД ЗА ПОДДРШКА НА ДЕЦА И МЛАДИ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА

На 26 септември 2008г- Центарот за институционален развој-ЦИРа и Првата детска амбасада во светот Меѓаши започнаа со спроведување на кампања за прибирање на средства со цел креирање на Фонд за поддршка на деца и млади жртви на сексуална злоупотреба.

Кампањата ќе се спроведува во период од два месеци. Во овој период, компаниите и граѓаните на Македонија ќе бидат повикани да ја поддржат оваа иницијатива и да донираат средства во фондот со што ќе им помогнат на децата и младите жртви на сексуална злоупотреба. Преку спроведување на кампањата планирано е да се соберат најмалку 50. 000 евра со кои на децата и младите кои доживеале ваков вид на насилство ќе им биде обезбедена психосоцијална помош, правна помош, непосредна помош како привремено сместување, храна, облека, и сл. Средствата од фондот преку отворен повик ќе бидат доделени на граѓански организации кои работат на ова поле, институции кои обезбедуваат психосоцијална помош на жртвите на сексуална злоупотреба, како и директно на семејствата на жртвите. Одлуката за доделување на средствата ќе биде донесена од страна на независна Комисија составена од претставници од граѓански организации, деловниот секторот и јавни личности. Иницијативата е поддржана од медиумските ѕвезди: Елена Петревска, Андријана Јаневска, Бени Шаќири, Зоран Атанасовски-Монси и Бубо Каров.

Оваа кампања е поддржана од голем број на јавни личности, граѓански организации, медиуми и Град Скопје.

Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка (МЦМС) финансиски ги поддржа активностите на Првата детска амбасада во светот Меѓаши за превенција и заштита на децата од педофилија и сексуална злоупотреба. Активностите опфаќаат поддршка на децата жртви преку СОС телефонот за деца и млади и советувалиштето на Детската амбасада, одржување на едукативни работилници за деца и млади во училиштата како и во рамките на Детските работилници при амбасадата, а во план е и печатење "Водич за родители и деца за превенција од сексуална злоупотреба и педофилија".

## "СОНУВАЈ"- ХИМНА НА КАМПАЊАТА ЗА ПОДДРШКА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА

"Сонувај" –е химната на кампањата за поддршка на децата и младите жртви на сексуална злоупотреба која е направена со музика, текст, аранжман и продукција на: Александар Масевски, а пеат: Александра Пилева, Браво Бенд, Gemini, Бени Шаќири, Мартин Србиновски, Деана

Николовска, Next Time, Елена Петреска, Даниел Стојмановски, Мартин Вучиќ, Андријана Јаневска, Иле Спасев, Тања Б и Александар Масевски.

Спотот може да го погледнете на http://www.youtube.com/watch?v=Z_0T09oja5Q&eurl=http://www.sonuvajmirno.blog.com.mk/&feature=player_embedded

## ХУМАНИТАРЕН ТЕЛЕТОН

Од хуманитарниот Телетон „Сонувај мирно”, кој се одржа на 23 ноември 2008 г., на МРТВ, собрани се вкупно 185.400 денари, наменети за Фондот за поддршка на деца и млади жртви на сексуална злоупотреба. Средствата од фондот за поддршка на деца и млади-жртви на сексуална злоупотреба ќе бидат наменети за психосоцијална работа со жртвите за индивидуална терапија, обезбедување правна помош на жртвите, обезбедување на непосредна помош на жртвите (привремено сместување, храна, средства за хигиена, облека) и активности за информирање и едукација на младите за спречување на нивна манипулација. Во текот на четиричасовната отворена програма стотина музичари, актери, интелектуалци, амбасадори одговараа на телефонските повици од граѓаните кои со јавување на телефонскиот број 143 404 (од сите мобилни оператори) донираа по 100 денари во Фондот. Од директните јавувања на отворениот број за донирање собрани се вкупно 86.000 денари. Во рамки на телетонот беше организирана и ТВ аукција на која беа понудени 80 предмети донирани од страна на јавните личности-учесници во телетонот, за кои гледачите се наддаваа во текот на отворената програма.

## ХУМАНИТАРЕН ШТАНД

Хуманитарен штанд на Центарот за институционален развој (ЦИРА) и првата детска амбасада „Меѓаши“ беше поставен во ТЦ Рамстор во текот на месец декември 2008 година, секој ден од 12 до 20 часот, како продолжение на Кампањата за креирање фонд за поддршка на деца и млади жртви на сексуална злоупотреба.

На штандот повеќе од педесет претставници на македонската естрада делеа летоци и ги мотивираа посетителите да донираат во поставените касички за донации. Сите кои донираа средства во Фондот имаа можност да учествуваат во наградна игра, а награди беа обезбедени и за граѓаните кои донираа најмногу средства во фондот.

Хуманитарниот штанд го отворија Роберт Вукелиќ и Маја Поцевска, а од наредните денови со граѓаните се дружеа Силви Бенд, Сашо Коцев и Анета Наковска, Кристина Арнаудова, Андријана Јаневска, Ламбе Алабаковски, Роберт Билбилов и други.

## „ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦАТА И НИВНИТЕ ПРАВА НА ИНТЕРНЕТ„- CRISP

На 06, 07 и 08 Мај, 2008 година, во хотелот Климетица, во Охрид се одржа семинар, кој беше дел од работниот план на проектот "Заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет"- CRISP. Носител-спроведувач на проектот е Фондацијата за одржливи информатички решенија – Метаморфозис во партнерство со Првата Детска Амбасада во Светот – Меѓаши, а финансиран од Европската унија.

Проектот "Заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет"- CRISP (www.crisp.org.mk или www.bezbednonainternet.org.mk), има задача да ги едуцира пред се децата, потоа родителите и наставниците за начините како децата да бидат заштитени и безбедни на интернет. За да се постигне ова, претходно се реализираа повеќе активности. Се создаде мрежа од 11 граѓански организации кои си поставија цел да се посветат на правата на децата на интернет и се создадоа ресурси (летоци, брошури, водич за заштита на правата на децата на интернет, веб-сајт и постер со Повелбата за правата на децата на интернет).

За време на семинарот беше извршена обука на членовите на граѓанските организации и претставниците од училиштата каде ќе се спроведуваат предавањата (едукациите) за заштита и безбедност на децата на интернет. Обуката се состоеше од три вида на работилници.Работилница за правата на децата на интернет ја спроведуваше Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, која ја водеа Гордана Пирковска Змијанац и Драги Змијанац. Презентацијата за заштита на личните податоци ја спроведуваше Државната агенција за заштита на личните податоци и приватноста. Презентацијата ја водеше Елена Стојановска. Презентацијата за заштита и безбедност на децата на интернет ја спроведуваше фондацијата Метаморфозис. Презентацијата ја водеше Ирина Шумадиева.

На семинарот учествуваа вкупно 42 претставника од 9 града во Македонија, од 12 граѓански организации. Од Скопје, беа присутни 11 претставника од 4 граѓански организации: Младински образовен форум, Отворете ги прозорците, Прва детска амбасада во светот - Меѓаши и Фондација Метаморфозис, 1 претставник од Дирекцијата за заштита на лични податоци и 4 претставника од 2 основни и 2 средни училишта. Од училиштата во Скопје имаше претставници од ОУ 26 Јули, од ДСМУ Панче Караѓозов, од Центарот за рехабилитација Партение Зоографски ( средно училиште за ученици со оштетен слух ) и од ОУ Др. Златан Сремец ( за деца со лесна интелектуална попреченост ). Од Прилеп, 2 претставника од ГО Центар за граѓански иницијативи и по 1 претставник од ОУ Кочо Рацин и

средно економско училиште Кузман Јосифовски Питу. Од Битола, 2 претставника од ГО Младински културен центар. Од Охрид, 2 претставника од ГО Младински совет Охрид и 2 претставника од ОУ Братство Единство. Од Штип, 2 претставника од ГО Центар за поддршка на НВО. Од Куманово, 2 претставника од ГО Хуманитарно здружение - Мајка, 2 претставника од ОУ Браќа Миладиновци и 1 претставник од средното техничко училиште Наце Буѓони. Од Гостивар, беше присутен 1 претставник од ГО Асоцијација за демократски иницијативи, 1 претставник од ОУ Лирија и 2 претставника од Гимназија Гостивар. Од Делчево, 1 претставник од ГО Пхурт. Од Кавадарци, 3 претставника од ГО Совет за превентива на малолетничка деликвенција и 1 претставник од ОУ Тошо Велков Пепето.

Впечатоци на четворица учесници на семинарот :

· Овој семинар го сметам за многу важен и корисен пред се, бидејќи опфаќа тема којашто е актуелна и ги засега сите генерации (и младите и старите). После овој семинар, ние, во улога на едукатори ќе ја пренесеме главната порака до младите генерации, но и до возрасните, со што ќе ја кренеме свеста на луѓето за интернетот.

· Сите обрнуваме внимание само на корисniста и брзото добивање информации преку интернет, притоа оставајќи ги своите податоци преку регистрирање на многу сајтови и не земајќи предвид, што се може да се случи. Корисноста на овој семинар ја гледам преку подигање на свеста за тоа каде се ги оставам моите лични податоци и кои се злоупотреби можат да настанат. Внимавајте!!!

Ми се допаднаа работилниците, игрите, презентација на материјалот. Веб сајтот е фантастичен и добро е што некој се нафати да работи на проблемот Безбедност на Интернет.

· Ми се допадна што семинарот опфаќа проблем на современото општество и без соодветното запознавање со овие моменти, многу луѓе (деца и возрасни) се потенцијални жртви.

Проектот Заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет (или скратено CRISP) го спроведува Фондација Метаморфозис во партнерство со Првата детска амбасада во светот Меѓаши и со финансиска поддршка од Европската Унија.

Проектот има за цел подигнување на свесноста за постоечките опасности кои ги демнат децата на интернетот доколку не научат правилно да го користат, едукација како да се заштитат, како и создавање ресурси со корисни информации за оваа проблематика наменети на децата, тинејџерите, нивните родители и наставници.

За таа цел направена е веб страница ( www.crisp.org.mk ), која содржи голем број корисни нешта за децата и тинејџерите, нивните родители и

наставници. Се наоѓаат совети и насоки за безбедно уживање во благодетите на интернетот, општи информации за интернетот како медиум, можностите што ги нуди, опасностите што со себе ги носи и начините како да се заштитиме од нив.

Содржините на веб-сајтот ( www.crisp.org.mk ), се прилагодени на корисници од различни нивоа (од оние кои што имаат минимално познавање од интернетот, до оние кои се негови редовни корисници) како и на различни возрасни категории (деца од основно училиште, тинејџери и возрасни).

Во периодот јуни - септември 2008 година, проектот Безбедност и заштита на децата и нивните права на интернет - КРИСП, продолжи со работа.

***Јуни*** - период во кој во 28 основни и средни училишта низ републикава се завршуваа и последните едукации за децата, тинејџерите, наставниците и родителите, со кои сите три категории граѓани беа информирани за правата на децата за користење на интернетот, но воедно и за можните опасности кои денес се појавуваат со брзиот развој на ИТ технологијата.

Во овој период едукации примија вкупно 3144 ученици, 411 наставници и 421 родител.

***Јули*** - период во кој се прибираа извештаите за спроведените едукации по училиштата.

***Август*** - период во кој започна евалуација на првите прашалници кои беа доделувани на сите слушатели на едукациите, на самиот почеток од предавањата, а се однесуваа на прибирање општи податоци врз основа на поставени прашања врзани за користењето на интернетот и информираноста на трите целни групи за постоечките опасности при употребата на интернетот, како и прашања за заштита во таквите ситуации.

***Септември*** - спроведување на вторите прашалници врзани за евалуацијата.

Овие прашалници имаат за цел да помогнат при евалуација на проектот во неговата завршна фаза, кога ќе се има можност да се увиди состојбата на знаењата за горенаведените прашања пред самите едукации и после едукациите. За таа цел се подготвија и втори прашалници кои ќе погнат во заокружување на увидот во состојбата за безбедноста на користење на интернетот пред и по спроведувањето на едукациите.

Периодот јуни - септември изобилуваше исто така и со медиумска покриеност на темата безбедност и заштита на децата и нивните права на интернет.

Повеќе информации за проектот, како и за натписите и прилозите во медиумите, кои во себе содржат корисни информции како за децата, така и за родителите и наставниците, можете да најдете на веб страната Безбедно на интернет www.bezbednonainternet.org.mk или www.crisp.org.mk

- Општината Кисела Вода даде поддршка за имплементација и реализацијата на проектот ,,Заштита и безбедност на децата и нивните права на интернет,, организирана од страна на фондацијата ,,Метаморфозис,, која се одвива во соработка со Првата детска амбасада во светот ,,Меѓаши,,. Во прилог на оваа поддршка (со согласност од Министерство за образование и наука) за реализација на проектот во општината Кисела Вода на ден 30.10.2008 година во барака бр. 7, во период од 17.00-19.00 часот се одржа презентација на овој проект. Бенефит од овој проект е подигањето на јавната свест кај учениците, наставниците и родителите, за добрите страни на интернетот и за начинот како да се одбегнат опасностите и како да се постапи во колку ги има. Учесниците добија флаери и брошури насловени ,,Ти одлучуваш,,. Овој проект се одвиваше во две фази и тоа првата фаза е презентација и втората фаза одржување на работилници по ОУ во општината Кисела Вода и тоа три работилници за ученици, една за родители и една за наставници.

## *Глобална недела на акција 2008 ”Политичари вратете се во училишните клупи”- “Време е за учење”*

Светската кампања за вклучување на децата во училиште „Global Campaign for Education” е активност која ја спроведуваме секоја година почнувајќи од 1999 година. Оваа акција на меѓународно ниво е координирана од страна на Global March Against Child Labor, додека национален координатор кај нас е Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

Кампањата се спроведува веќе седум години и ќе трае до 2015 година, кога треба да се добијат резутатите од сите реализирани кампањи до тогаш, а се однесуваат на вклучување на сите деца во образование, овозможување на бесплатно образование, бесплатни учебници за секое дете, доволен број на квалификувани наставници, задолжително и квалитетно образование.

Во 2008 Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, Република Макевдодонија повторно ја организира Недела на глобална акција - Global Action Week (GAW) на национално ниво, ќе спроведе повеќе активности во текот на целата недела. Глобалната Недела на Акција ќе трае од 21 до 28 април 2008 година, додека главниот настан World Biggest Lesson ќе одвива на 23 април 2008 година. На овој ден планирано е да се одржи Најголемиот Училишен Час во што поголем број на училишта низ градовите во Републиката, додека централниот случување ќе се одвива во основното училиште “26 Јули” во општина Шуто Оризари во Скопје во 10.00 часот. За таа цел ќе бидат поканети членови на граѓански организации кои се активни во сферата на образованието на младите, новинари, лидери на политички партии, Градоначалникот на Скопје, Премиерот, Претседателот на Државата и јавни личности кои би сакале да дадат придонес во Глобалната Кампања за Образованието.

The Global Campaign for Education (GCE), Глобалната Кампања за Едукација се потпира на Правото на образование, се повикува на Крај на сите форми на исклучување од квалитетното образование, се залага за вклучување на СИТЕ во образовниот процес како нивно основно право. GCE презема акција преку оваа кампања да ги потсети лидерите на државите ширум светот на ветувањето кое го имаат дадено за вклучување на сите во образованиот процес. GCE е кампања која има за цел да стави крај на широката криза во образованието и чија мисија е да обезбеди секоја влада да биде активна во спроведувањето на правото на бесплатно и квалитетно образование за секое девојче, момче, маж, жена.

Во Република Македонија има над 18.500 деца кои не се во можност да бидат дел од образовниот процес. Нашата акција претставува апел до сите лидери на Република Македонија, да дејствуваат во правец на искоренувањето на неписменоста и исклучувањето на децата од образованието. Затоа оваа година кампањата се фокусира на пренесување на пораките од децата, организациите, училиштата кон политичарите. Враќањето на политичарите во училишните клупи е само еден чекор и сето тоа укажува на големата потребата за квалитетно образование и образование на сите без разлика на возраст, пол, раса, етничка припадност, религија и други различности.

Глобалната Недела на Акција се одржува секоја година со цел потсетување на ветувањето и целите кои се дадени и поставени во 2000 година, на World Education Forum во Дакар, каде светските лидери на 185 земји во светот, дадоа ветување дека правото на образование ќе го направат реалност за сите луѓе до 2015 година. Темата на Global Action Week – GAW ( 21- 28 Април 2008 година) „Квалитетно образование за сите: Крај на неписменоста! , „Политичари вратете се во училишните клупи": „Време е за учење" која се спроведе од 21 до 28 Април 2008 година.

Почесна претседателка на Глобалната Недела на Акција, во 2008 година беше светски познатата музичка ѕвезда Шакира, која како поддржувачка и активена учесничка во оваа кампања се заложи дека ќе направи се што е во нејзин домен да придонесе за вклучување на сите деца во образовниот процес.

По повод Најголемиот Училишен час, Влатко Стефановски беше гостин во прво одделение во ОУ. „Јан Амос Коменски„ во Скопје. За време на часот, секое дете сакаше да му постави прашање на Влатко.

Најмногу ги загрижуваше неписменоста на децата, и тие прашуваа:

- ***Дали знаете каков е проблемот со неписменоста кај децата во нашата земја?***

- ***Дали сте се запрашале како им е на децата на улица? Како може да им се помогне?***

- ***Бидејќи сте јавна личност, дали можете да разговарате со политичарите за да им кажете да направат нешто за тие деца?***

Влатко Стефановски им кажа дека е запознаен со проблемот на неписменоста кај децата, и дека им е навистина тешко на децата кои немаат

свои домови и кои немаат можност да одат на училиште. Тој вети дека ќе разговара со своите пријатели од јавниот живот и од политиката, со цел да се намали неписменоста и да им се овозможи на децата да имаат квалитетно образование и среќно детство.

На крајот од часот кој беше интересен, забавен но и богат со убава дискусија и значајни пораки, Влатко беше изненаден од сериозноста на децата. Нивните детски прашања беа интелигентни, поттикнуваа размислувања, и бараа сериозни одговори. Тој сметаше дека постепено, со поголемо ангажирање целата заедница и на сите родители, овој проблем ќе се реши.

Поддршка на овогодинешната кампања даде и Евроамбасадорот во Република Македонија Г-динт Ерван Фуере, кој ја изрази неговата постојана подготвеност за поддршка на активности за правата на децата. На ден 24.04.2008 година група од 8 деца членови на Детската Амбасада Меѓаши и ученици О.У. “26 Јули“. Од таа посета е изготвен следниов извештај за впечатоците од средбата:

1. Кога го прашавме какво му било детството, тој одговори дека имало многу интересни моменти. Сепак истакна дека имал прилично тешко детство.

2. На прашањето дали може да опише во какви услови живеел тој одговори дека имал невообичаени услови за живот. Накратко ни долови слика, ни кажа дека секое утро морал да стане пред неговите браќа и сестри за да наполни свежа вода од езерото кое било до неговата куќа. Исто така ни кажа дека во нивната куќа немало бања и кога требале да се бањаат имале ископано дупка блиску до огништето и така ја загревале водата. Ни даде една многу интересна информација.Во нивната куќа во средната на собата имале огниште на кое спремале јадење во лимени садови и дека јадењето требало да се зготви уште во раните утрински часови за да биде готово кога тој и неговите сестри ќе се вратат од училиште.

3. Имавте ли проблеми при вашиот образовен процес и доколку ги имавте од која природа беа истите? - Тој одговори дека имал проблеми со математиката, исто така призна дека математиката не му е добра страна и дека не може да каже дека ја сакал како предмет. Цитат од неговиот татко: ”Ти дете никогаш нема да станеш економист и никогаш нема да станеш успешен бизнисмен”.

4. Како вие би помогнале на децата кои не можат да се запишат во училиште? -Ерван за ова прашање не можеше да одговори со сигурна точност. Тој кажа дека ова е сериозен проблем во нашата држава и дека владата и надлежните институции треба да се погрижат за ова.

## ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА

Дневниот центар за деца на улица активно работеше и во изминатата година. Од регистрираните 35 деца во центарот редовно доаѓаат 20 деца. Тие се на возраст 5-14 години и доаѓаат од т.н. Картон Маало во Ново Лисиче и Кланица во населба Аеродром. Во Дневниот центар добиваат ужинка, чиста облека, се бањаат и посетуваат работилници.

Дневниот центар продолжи со својата работа и во текот на 2008 година и покрај тоа што од месец јануари 2008 немаме обезбедено финансиер на проектот. Се надеваме дека Министерството за труд и социјална политика ќе биде во можност да ја продолжи финансиската поддршка на центарот.

## КАМПАЊА ЗА ОДГОВОРНО РОДИТЕЛСТВО

### „ДАЛИ ДЕНЕС МУ КАЖАВТЕ НА ВАШЕТО ДЕТЕ КОЛКУ ГО САКАТЕ?"

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, Република Македонија по втор пат ја спроведува кампањата за одговорно родителство со повеќе внимание и љубов кон децата, но сега со слоганот „ ДАЛИ ДЕНЕС МУ КАЖАВТЕ НА ВАШЕТО ДЕТЕ КОЛКУ ГО САКАТЕ?". За таа цел изработени се пет мотиви за билборди, со различни ситуации на семејства: со два родители и повеќе деца, деца со еден родител или старател, ситуации на родители кои им посветуваат внимание на децата и родители кои не им посветуваат доволно внимание и не им даваат доволно љубов на децата. Амбасадата Меѓаши со поставување на 41 билборд во градот Скопје ја пренесува пораката дека на децата треба да им посветиме време и внимание, а најважно од се љубов.

Оваа кампања е продолжение на кампањата "Дали денес го гушнавте вашето дете" која Првата детската амбасада во светот Меѓаши ги спроведуваше на почетокот на 2007 година. Целта на кампањата е поттикнување на одговорно родителство. Колку почесто на децата им се покажува љубов прегрнувајќи ги, бакнувајќи ги и кажувајќи им "те сакам", толку повеќе ќе сакаат да покажат дека ја заслужуваат. Љубовта овозможува градење на чувство на самодоверба и самопочит кај децата.

Кампањата и оваа година се спроведува во партнерство со Акцент Медиа кои бесплатно отстапија 41 локација низ Република Македонија на кои се поставени билбордите. Илустрациите се изработени од Смиле Цветановски, илустратор, а дел од трошоците за печатење се финансиски поддржани од страна на Центарот за ненасилна акција од Белград и Сараево.

## ДЕТСТВО БЕЗ ЗЛОУПОТРЕБА- ЗА ПОДОБАР СИСТЕМ НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО ИСТОЧНА ЕВРОПА

Од септември 2007 година Детската амбасада Меѓаши се вклучи во реализацијата на регионалната програма "Childhood without abuse – towards a better child protection system in Eastern Europe". Оваа програма е започната од 2005 година и ќе трае до 2009 година.

Секоја година има посебна област на која се работи па така:

-2005 темата беше превенција од злоупотреба на деца,
-2006- дијагноза и терапија на злоупотребени деца,
-2007 година - законска заштита на децата и нивните семејства односно "Child-witness with special needs",
-2008- згрижувачки семејства како форма на заштита на децата без родителска грижа,
-2009- интердисциплинарна помош за злоупотребените деца.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши беше избрана од носителите на програмата - Nobody's Children Foundation од Полска да биде Национален Координатор за Македонија. Во средината на септември беше потпишан и официјалниот договор за соработка. Во рамките на овој проект се направи адаптацијата на постерот "Почитуван суде, се плашам" и брошурата "Јас одам во суд" и се очекува до крајот на јануари да бидат испечатени. Постерот и брошурата ќе бидат дистрибуирани до судовите и полициските станици бидејќи се наменети токму за професионалците кои работат со деца сведоци. Покрај тоа започната е изработка на експертиза за состојбата со децата сведоцци во Македонија.

**Интернационална супервизија**

На 15-ти јануари во просториите на Стопанска Комора се оддржа еднодневна работилница на тема "Интервјуирање деца сведоци" со Марија Келер Хамела, детски психилог, интернационален експерт за интервјуирање деца сведоци. Цел на работилницата беше да се разменат искуства и да се добијат нови знења и пристапи во интервјуирањето деца сведоци. Како учесници на оваа работилница беа истражни судии кои интервјуираат деца сведоци, но и полициски инспектори кои се занимаваат со истата проблематика.

Во прилог следи изјавата, на стручниот соработник на Детската амбасада за овој проект, која е дел од сторијата за настанот објавена во Утрински Весник:

"Василка Божиновска, судија во Основниот суд Скопје 1 со долгогодишна практика во работата со деца- жртви, сведоци или сторители на кривични дела, вели дека секој судија не може да работи со малолетници. Со нив треба да се постапува крајно внимателно за да не дојде до нарушување на психофизичкиот развој и личноста на детето.

„Министерството за правда треба да размисли во судовите да се вработат социолози, психолози, дефектолози, па и лица со друга специјалност кога се во прашање децата. Затоа сметам дека се доцни со подготовките за примена на Законот за малолетничка правда“, потенцира Божиновска.”

Во рамките на овој проект беа одржани следниве тренинзи:

- Тренинг за професионалци-судии кои интервјуираат деца сведоци: Во периодот 8-10 февруари 2008 година во Охрид, Првата детска амбасада во светот-Меѓаши организираше тренинг на тема “Злоупотреба на деца – специфики на интервју, препознавање и пристап во судската пракса ”. Учесници на тренингот беа 14 професионалци –судии кои интервјуираат деца сведоци, а тренингот го спроведоа тренерите Антони Новотни и Димитар Боневски-Психијатари. Целта на тренингот беше учесниците да се стекнат со знаења за новите техники, методи и пристапи во интервјуирањето деца сведоци, а воедно и да разменат искуства од својата пракса и да ги разјаснат дилемите. Од овој тренинг произлегоа многу препораки и забелешки за постојната законска регулатива во однос на интервјуирањето деца сведоци. Сите тие препораки, потпишани од учесниците на тренингот, ќе бидат испратени до Министерството за правда со барање за промени во регулат. Сите учесници имаа можност да се здобијат со професионално и стручно знаење од областа на психосоцијалната тематика за да им овозможи полесно и посоодветно препознавање на трауматизирано дете, како и семејства што имаат ситуации со трауматизирани деца од областа на емоционално, физичко и сексуално насилство. Исто така, тренингот даде знаења за препознавање на профил на насилник. Се зборуваше и за ситуации во кои може да се најде медицинскиот персонал при работа со деца и како тие да се справат со тие видови случаи.

- Во периодот од 10 до 12 Декември, 2008 година, Првата детска амбасада во светот Меѓаши, во Хотел Поречки Бисер, во Самоков одржа тренинг на тема Мултидисциплинарен пристап во областа Насилство и негрижа врз децата – Препознавање, разбирање, интервенција.
На тренингот беа присутни вкупно 27 учесника, од кои 8 од Бугарија како претставници на институции и граѓански организации од нивната земја и 16 од Република Македонија, како претставници од судот и меѓуопштинскиот центар за социјални работи од Скопје, МВР – оддел за малолетничка деликвенција од Битола, детски домови од Скопје, дневен центар за деца од Скопје, Сос детско село од Скопје, од малолетничките затвори во Скопје и Охрид, и претставници од граѓанскиот сектор ( Детската амбасада Меѓаши). Предавачи на тренингот беа: Г- дин Станислав Петковски, специјалист по медицинска психологија, системски-семеен терапевт, трансакционен аналитичар, визитинг професор на Академија Италијана, Г-дин Кевин Браун, професор по судска и детска психологија, на унивезитет во Ливерпул, Велика Британија, валуатор од Фондација ОАК, носител на проектот Детство без насилство – кон подобар систем на детска заштита во Источна Европа. Сите учесници имаа можност да се здобијат со професионално и стручно знаење од областа на системската терапија и трансакциската анализа, за тоа што значи комуникацијата за човекот и сите несакани ефекти кои ги

восприема едно човечо суштество ако не добива доволна и соодветна комуникација со семејството и пошироко. За животните позиции кои произлегуваат од типовите на комуникација.

- На 25 Декември, 2008 година, Првата детска амбасада во светот Меѓаши, во просториите на Клиниката за Психијатрија, одржа тренинг на тема "Препознавање различни облици на злоупотреба и запоставување на децата (емоционална, физичка и сексуална злоупотреба). Тренингот беше наменет за медицинските сестри на клиниките, а учество зедоа 16 медицински сестри од клиниките за гинекологија, педијатрија, психијатрија, за детски болести и клиниката за белодробни заболувања. Предавач на тренингот беше Г- дин Антони Новотни, психијатар на Клиниката за Психијатрија во Скопје и професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

**Интервјуирање деца сведоци во полициска постапка**

Првата детска амбасада во светот-Меѓаши на 25 и 27 март 2008 година организираше две еднодневни работилници на тема “Интервјуирање деца сведоци во полициската постапка”. Работилниците се дел од активностите во рамките на проектот “Детото-сведок која бара посебна грижа” кој се спроведува во рамките на Регионалната програма “Детство без насилство-кон подобар систем на детска заштита во Источна Европа”. Оваа програма е имлементирана во седум централни и источно-европски држави: Полска, Бугарија, Литванија, Латвија, Македонија, Молдавија и Украина. Координатор на овој проект е Фондација на Ничии Деца од Полска. Заедно со организациите партнери од секоја земја учесничка, Фондацијата презема иницијативи за подобрување на системот за заштита на децата од насилство. Основната цел на овој проект е да ги подобри способностите на професионалците кои работат со децата изложени на насилство, како и да ја сензибилизираат јавноста, особено родителите, за оваа проблематика. За спроведувањето на овој проект Детската амбасада воспостави соработка со Министерството за внатрешни работи на Република Македонија кое ги дистрибуираше постерите до сите полициски станици во Македонија. Работилниците ги водеше Г-ѓа Цена Чаловска, Главен инспектор за малолетничка деликвенција во СВР-Скопје. Целта на работилниците беше стекнување на нови знаења за техниките, методите и новите пристапи во интервјуирањето деца сведоци како и размена на искуствата и дискусија за проблемот.

**ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „ ОДАМ НА СУД”**

На 02 Јули 2008 година во Домот на АРМ во Скопје се одржа промоција на книгата ’’Одам на суд’’, изработена во рамките на проектот ’’Детето е сведок кој бара посебна грижа’’ кој го реализираа Првата детска амбасада во светот Меѓаши, Република Македонија и Фондацијата Ничии Деца од Полска.

Оваа книга е наменета за деца на помала возраст, од 5 до 11 години, со цел да научат кои се нивните права при судските процеси. Во последно

време сме сведоци на немили настани на насилство врз деца, кои понатаму треба да сведочат за она што им се случило. Токму поради тоа ја подготвивме оваа книга која е напишана на јазик соодветен на детската возраст, и која ќе помогне како децата сведоци на насилство или пак жртви на насилство, безболно да поминат низ судскиот процес. ''Одам на суд'' има за цел да го запознае детето за ситуацијата со која ќе се сретне во судницата и да го подготви за учество во судска расправа. Книгата е препорачана од Министерството за правда на Република Македонија, Здружението на судии на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Автор на книгата е Мариа Келлер Хамела. Адаптацијата на текстот за Македонија ја подготви судијата Василка Божиновска.

**СВЕТСКИ ДЕН ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА !19 НОЕМВРИ) И СВЕТСКИ ДЕН НА ДЕТЕТО (20 НОЕМВРИ)**

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши потсетува на два значајни датуми за почитување на детските права во светот. 19 ноември, кој е Светски ден на превенција од злоупотреба на децата и 20 ноември, Светскиот ден на детето. Водејќи се од фактот што секоја година, над 1 милион деца се вовлечени во трговија со деца, детска проституција. Дури и вработени во почитувани меѓународни организации се најдени виновни што биле инволвирани во сексуална злоупотреба. Очигледно е дека е потребно да се изгради ефикасен и ефективен систем што содржи зголемени културолошки мерки и зголемување на јавната свест, како и поттик за помасовна акција за спречување на злоупотребата.

## *КАМПАЊА ВИДИ, СЛУШНИ, КАЖИ*

На 07 Ноември, во просториите на Првата детска амбасада во светот Меѓаши се одржа прес конференција по повод започнување на кампањата „Види, слушни, кажи”. Кампањата е дел од меѓународниот проект „Детство без насилство – кон подобар систем на детска заштита во Источна Европа“ кој во Македонија го реализира Првата детска амбасада во светот, во партнерство со Фондација Ничии Деца, а со поддршка на АВА ДДБ, Акцент медиа, Дата Понс, Лазов Груп, Дневник, Вест и Време. На пресот новинарите беа запознаени со состојбите на физичко насилство, малтретирање и тепање деца пријавени на нашиот СОС телефон за деца и млади 0800 12222 и случаи што ги регистрира и застапува Бесплатната правна служба при Амбасада Меѓаши. Податоците на нашите служби говорат дека состојбата со насилството над децата во нашата земја е повеќе од алармантна. Со намера да се охрабрат децата, родителите, соседите, најблиските, да не молчат за насилството и истото го пријавуваат. Воедно, намерата е да се влијае и на создавање поодговорно родителство и да ја подигнеме свеста околу потребата за поддршка и помош на децата, затоа мотото на кампањата е „Родителите кои ги тепаат своите деца сакаат да го сокријат тоа.”

## ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА

### ПРОМОЦИИ НА ИЗДАНИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „ПОДДРШКА НА НАНАЦИОНАЛНИОТ ГРАЃАНСКИ ФОРУМ/ПЛАТФОРМА‘‘

***Промоција на позитивни примери на граѓанското опшетство во Македонија***

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши го спроведуваше проектот “Промоција на позитивни примери на граѓанското опшетство во Македонија“ со цел зголемување на одржливиот развој на граѓанските организации во Република Македонија и подобрување на нивниот имиџ, како и подобрување на видливоста на резултатите од работата на граѓанските организации преку публикување на нивните најуспешни активности.

Имено, беа публикувани 40 најдобри практики од граѓанското општество и истите беа промовирани во две изданија. Промоциите беа одржани во Скопје и Прилеп, како и за време на 6-от НВО саем. Во јануари се одржа уште една промоција заедно со другите едиции од оваа програма. Публикациите беа дистрибуирани и до владините институции, граѓанските организации, пратениците и министерствата на РМ, амбасадите, локалната самоуправа, бизнис секторот и медиумите.

**Во рамките на активноста “Заедно за транспаретност“, се оддржа промоција на Годишниот билтен на ГПМ.**

Годишниот билтен на Граѓанската платформа на Македонија беше промовиран на 21.01.2008 година, а промотори беа м-р Драги Змијанац, Горан Величковски и Сашо Клековски.

Имено, тематскиот комитет за делотворност и имиџ на ГПМ даде предлог содржина на годишниот билтен, кој подоцна беше прифатен и надополнет од програмскиот одбор. Истиот опфаќа лична карта на сите 29 членки на ГПМ, опис на некоја нивна важна активност спроведена во периодот мај 2006 – декември 2007, финансиски извештај на ГПМ, основни податоци за ГПМ, како и претставување на четирите компоненти и нивните активности од програмата на ГПМ за 2006-2007.

Промоција на Водичот за волонтирање

Главен исход на проектот “Промоција на волонтеризмот“ е публикацијата на Водич за волонтирање, како и негова промоција низ универзитетите на Република Македонија.

Имено, на 30 октомври 2007 беше одржана првата промоција на водичот за волонтирање на Универзитетот Југоисточна Европа во Тетово. Додека пак во почетокот на месец ноември одржани се уште три наредни промоции, и тоа на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и во Штип, како и на Универзитетот “Св. Климент Охридски“ во Битола. Финалната промоција беше одржана на НВО саемот на 16 ноември 2007. Промоциите се одржуваа пред се на студенти, на кои воедно бесплатно им се дели примерок од водичот на македонски и на албански јазик. За секоја промоција се обезбедени повеќе од 3 000 примероци кои воедно се делат и пред факултетите од страна на волонтери.

Со овој водич сакаме волонтирањето да го направиме повидливо, да го зголемиме нивото на информираност, да ја подигнеме јавната свест за значењето и важноста на волонтерската пракса и да отвориме нови можности за волонтирањето. Се надеваме дека ќе биде практична алатка за младите и студентите, дека ќе помогне во изнаоѓање на форми за сопствена партиципација во граѓанското општество и во процесот на донесување промени, како и во корисно структуирање на слободното време, стекнување на знаења и работни вештини.

**Промоција на Водичот за примена на Законот за донации и спонзорства и други даночни закони**

Во рамките на активноста “Соработка со деловниот секторот“ издадена е уште една публикација од Детската амбасада- Водич за примена на Законот за донации и спонзорства и други даночни закони, кој им користи на сите граѓански здруженија во обезбедување на нивните активности кои се од јавен интерес, потврдени од страна на Министерството за правда. Прирачникот има и осврт кон процесот на склучување договор за донација со бизнис партнери, како и препораки за неговата практична примена. Истиот опфаќа и неколку други даночни закони потребни на граѓанските организации, како данокот на добивка, данокот на додадена вредност, данокот на наследство и подарок и странските донации.

Промоцијата на Водичот за примена на ЗДСЈД и други даночни закони се оддржа на 21.01.2008 година во Хотел Континентал.

## *УЧЕСТВА НА СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ, КОНФЕРЕНЦИ, НАГРАДИ*

- На 05 Мај 2008 година во културниот центар „Мала станица„ се отвори 13. самостојна изложба на Стефан Плескоњиќ, со која уметникот- ученик во шесто одделение одбележа десет години од своето творештво. Исложбата опфати избор на триесетина негови дела создавани во изминатата деценија, со кои Стефан, нашиот Амбасадор се претстави на голем број меѓународни изложби. Во месец април Стефан со своите ликовни творби, создадени со еколошки акрилни бои на картон, ги изложи во Македонскиот центар во Њујорк. Младиот уметник во изминатиов период гостуваше и во Белград, Париз, Софија, Варшава и Брисел. Стефан Плескоњиќ е најмлад носител на наградата „13 Ноември„, а е добитник и на Специјалната награда „Ѕвезда на 21 век„ на Осмиот салон на уметноста во Софија.

- По деветти пат, на 28 јануари 2008 година во Театарот „Dal Verme" во Милано, се оддржа манифестацијата "Ангелот на годината" во организација на Црвениот крст Италија-Регионален Комитет на Ломбардија и Етичкиот центар "Монета за мир". На Извршниот Директор и основач на Детската амбасада Меѓаши, М-р Драги Змијанац, му беше доделена наградата "Ангелот на годината" за неговото долгогодишно интензивна активност во поддршката на децата и спроведувањето меѓународни проекти. Наградата се доделува на признати луѓе од општествениот живот особено во Италија – познати уметници, политичари, индустријалци, банкари. Плакетата која е доделена е изработена во бронза на која се изравирани букви од сребро.

**Во 2008 година вработените и волонтерите на Детската амбасада Меѓаши учествуваа на повеќе тренинзи, конференции и студиски патувања:**

- Регионална средба на НВО кои вршат мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на децата:
Во периодот 10-12 јануари 2008 година во Милочер, Црна Гора се оддржа Регионална средба на НВО од Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Косово. Ова беше иницијална средба чија цел е формирање регионална мрежа на НВО кои вршат мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за правата на децата во своите земји. На средбата беа изнесени искуствата на секоја земја поединечно и беа поставени основите за формирање на мрежата.

Оваа средба беше иницирана и поддржана од регионалните канцеларии на Save the Children Norway и Save the Children Sweden кои веќе поддржуваат проекти во некои земји од регионот.

- Од 12- 15 Мај 2008 беше одржан вториот состанок на Неформалната регионална мрежа за мониторинг на детските права. Организатор на состанокот беше Save the Children од Шведска и Норвешка, а учествуваа следниве организации: Центар за иницијативи за Социјална политика – Хрватска; Центар за правата на детето – Белград, Србија; Центар за правата на детето – Црна Гора; Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија; „ Здраво Соседу„ – Бања Лука, Босна и Херцеговина; Наши Деца – Сараево, Босна и Хрцеговина;

Најголемиот дел од семинарот беше фокусиран на дискусии околу подготовките на Меморандумот за разбирање и улогата на мрежата. Сите организации се согласија дека ќе соработуваат и разменуваат искуства околу прашања поврзани со заштитата на децата и нивните права

- Основна обука за недискриминација Од 10 до 12 јуни 2008 година во Скопје се одржа основна обука за недискриминација спроведена од Македонскиот центар за меѓународна соработка ( МЦМС ), со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. На обуката претставници од Амбасадата Меѓаши беа Мери Наумова Давчевска ( асистентка на канцеларија ) и Јасминка Петрова ( волонтерка-правничка). Во текот на обуката учесниците се стекнаа со знаења и практични вештини од областа на основните човекови права, еднаквите можности и недискриминацијата. Обуката се состоела од теоретски дел за човековите права, практични вежби и работа во групи. „Во теоретскиот дел особено се посвети внимание на меѓународната регулатива за човековите права (системот на Обединетите нации, Советот на Европа, ОБСЕ и законодавството на Европската Унија, како и на тековната состојба во Македонија.

- Втора интернационална конференција Децата и младите- безбедно на интернет Варшава, Полска- Првата детска амбасада во светот Меѓаши, претставувана од Татјана Јаневска, присуствуваше на Втората интернационална конференција „Децата и младите - безбедно на интернет„ која се одржа во Варшава, Полска, на 18 и 19 Септември 2008. Организатори на конференцијата беа: Фондација Ничии деца, НАСК Истражувачка компјутерска мрежа, Кликсеиф - Германија и Фондација ТП Груп. На конференцијата присуствуваа 25 партнерски организации кои дадоа придонес со свои учества преку предавања. Меѓу нив презентација имаше и ГО Интернет Хотлајн Провајдер Македонија.
На конференцијата освен граѓанскиот сектор, учествуваа и претставници од училишта и министерства за образование, правни субјекти, владата и индустријата. Се зборуваше за различните аспекти и теми врзани за децата и младите и нивната безбедност во употребата на интернет, мобилни телефони и игри, како и опасностите што се јавуваат со користење на

интернетот од типот на педофилија, порнографија, сајбер насилство, илегални содржини и слично.

Целта на конференцијата беше да се подигне свеста за новите предизвици и можности во борба со опасностите на интернет, како и тоа да се помогне во делење на најдобрите практики меѓу разните сектори кои се јавуваат како теми за работа на полето безбеден интернет. Предавањата ги вршеа познати интернационални експерти на полето на детската заштита.

- Интернационална конфернција на СОС телефоните за деца- Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ од 2004 година е член на CHI (Child Helpline International) светска мрежа на СОС телефони за деца и млади. Од 16 до 20 Ноември 2008 во Аман, Јордан се одржа 4. Интернационалната конференција на СОС телефоните за деца, под покровителство на Нејзиното Величество Кралицата Ранија Ал Абдулах и Јордан Ривер Фондацијата, а во организација на CHI. На Конференцијата учествуваа 163 учесници од 85 земји, претставници на граѓански организации и од ООН. Единствена претставничка од Македонија беше Гордана Пирковска Змијанац - Програм менаџерка на Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Значајно е и запознавањето меѓу претставниците на СОС телефоните за деца од Балканот и договорот во 2009 година да започнат активности со кои би се зголемил квалитетот на услугите и опфатот на децата во регионот.

**ДОДЕЛЕНО ВИСОКО ПРИЗНАНИЕ НА ОСНОВАЧОТ И ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА ПРВАТА ДЕТСКАТА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ, М-Р ДРАГИ ЗМИЈАНАЦ-"АНГЕЛ НА ГОДИНАТА 2008"**

По деветти пат, на 28 јануари 2008 година во Театарот „Dal Verme" во Милано, се оддржа манифестацијата "Ангелот на годината" во организација на Црвениот крст Италија-Регионален Комитет на Ломбардија и Етичкиот центар "Монета за мир". На Извршниот Директор и основач на Детската амбасада Меѓаши, М-р Драги Змијанац, му беше доделена наградата "Ангелот на годината" за неговото долгогодишно интензивна активност во поддршката на децата и спроведувањето меѓународни проекти. Наградата се доделува на признати луѓе од оптштествениот живот особено во Италија – познати уметници, политичари, индустријалци, банкари. Плакетата која е доделена е изработена во бронза на која се изравирани букви од сребро. За повеќе информации посетете ја страната:

http://www.circuitoetico.eu/index.php?option=com_content&task=view&id=679&Itemid=104

http://www.circuitoetico.eu/index.php?option=com_content&task=view&id=608&Itemid=90

http://www.angelodellanno2008.it

## *ПАРТНЕРСТВА, ДОНАЦИИ, СПОНЗОРСТВА*

Обезбедени се 6.121 шампон за децата сместени во детски домови и други институции. Првата детска амбасада во светот- Меѓаши во партнерство со Nelt ST Procter and Gamble на 14 февруари (четврток) организираше акција за дарување 6.121 шампон. Шампоните беа дарувани на:

-20 деца од Дневниот центар за деца на улица кој функционира во рамките на Детската амбасада;
-270 деца од Дневниот центар за деца на улица во Кисела Вода;
-25 деца од Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари;
-27 деца од Завод за згрижување, воспитание и образование на деца и млади "Ранка Милановиќ";
-50 деца од Јавна установа за деца со воспитно –социјални проблеми;
-112 деца од СОС Детското село;
-87 деца од Детски дом "11 Октомври";
-11 деца кои престојуваа во Прифалиштето за деца во кризна состојба при Детската амбасада 2001-2007 година;
-25 деца од Воспитно-поправниот дом;
-107 деца од Детските работилници во Детската амбасада-Меѓаши;
-6 деца од Македонски центар за женски права-Шелтер центар.

Станува збор за донација на Пантен шампони кои имаат рок на траење од септември 2008 до февруари 2009, а вкупниот износ на донацијата е 856.821,00 денари.

**Извештај од касички**

Во периодот од февруари до мај во касичките за донации, што Првата детска амбасада во светот – Меѓаши ги постави низ цела Македонија, граѓаните дарувале вкупно 164.258.00 денари. Во овој период полните касички беа заменети со нови на следниве локации: Космофон – Охрид 1.107,00 , Хотел Тино-Охрид 1.674,00 , Хотел Клинтон Палас – Струга 1.416,00 , Хотел Дрим – Струга 3.729,00 , Хотел Климетица – Охрид 1.000,00 , Хотел Гранит – Охрид 1.258,00 , Хотел Белведере – Охрид 861,00 , Хотел Дончо – Охрид 1.024,00 , Рамстор – Тетово 2.627,00 , Макси Д – Охрид 3.143,00 , Тинекс – Скопје 794,00 , Тинекс Скопје 1.610,00 , Тинекс – Скпје 1.209,00 , Тинекс – Хром 3.719,00 , Тинекс – Скопје 10.955,00 , Тедико – Скопје 8.824,00 , Хотел Александар Палас 11.583,00 , Стопанска Банка 5.313,00 , Тинекс 4.030,00 , Рамстор – Скопје 5.499,00 , Тедико 4.070,00 , Тинекс 8.997,00 , Тедико 7.735,00 , Тинекс 5.569,00 , Аеродром Александар Велики 6.014,00 , Скопски Саем 7.475,00 , Рамстор 710,00 , Рамстор 7.855,00 , Тинекс – 7.345,00 , Тедико 5.469,00 , Тинекс 2.518,00 , Тедико 6.950,00 , Тедико 1.379,00 , Рамстор 3.356,00 , Тинекс 4.186,00 , Тинекс 1.268,00 , Тинекс 442,00 , Тинекс 3.938,00 , Макси Д 407,00 , Хотел Арка 421,00 , Стопанска Банка 389,00 , Тинекс 6.390,00 , Стопанска Банка – Куманово 4.500,00. Отварањето и броењето на касичките се одвиваше во трichlena

комисија. Во текот на броењето и отварањето на касичките во комисијата присуствуваа следниве лица : Катерина Конеска , Наташа Андова , Ивана Галевска , Соња Симоновска , Јана Поповска , Петре Близнаковски , Наташа Периќ , Маја Џундева , Јасминка Петрова , Катерина Спасовска , Кристина Капсарова.

Во периодот од јуни до септември во касичките за донации од страна на граѓаните дарувани се вкупно 125.105,00 денари. Во овој период полните касички беа заменети со нови на следниве локации: Рамстор- Скопје и Тетово 18.534,00 денари, Тинекс 42.843,00 денари, Аеродром – Александар Македонски 4.331,00 денари, Тедико-Скопје 7.040,00, Нептун-Скопје 4.730,00, Техномаркет-Скопје 1.450,00 Окаиди-Скопје 2.500,00 денари Стопанска Банка – 43.677,00. Отварањето и броењето на касичките се одвиваше во тричлена комисија. Во текот на броењето и отварањето на касичките во комисијата присуствуваа следниве: Петре Близнаковски, Јасминка Петрова, Христина Аргировска, Борче Стојаноски, Бранимир Јанковски.

Им благодариме на граѓаните што со секоја нивна донација во касичките, ја покажаа нивната желба и подготвеност да ја поддржат работата на Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

**Донации од граѓани и социјално одговорни фирми**:

- Г-а Георѓиевска Босилка донираше 3.000,00 за Дневниот центар за деца на улица;
- Г-а Ружица Славкова на 26.03.2008 година, донираше 2.500 денари за бесплатниот СОС телефон на деца и млади.
- Г-а Валентина Стевановска на 07.05.2008 година донираше 5.000 денари за Дневниот Центар за деца на улица.

- Фирмата „ Коленцо ЛТД „ од Скопје донираше 5.000,00 денари за Дневниот центар за деца на улица.

**Донација од ЕВН - Македонија**

ЕВН Македонија организираше добротворна акција за донирање на користен мебел, на граѓански организации и училишта од рурални средини. Дел од канцеларискиот мебел доби и Првата детска амбасада во светот-Меѓаши, за обнова на просториите на Дневниот центар и компјутерската работилница, а останатиот мебел, Амбасадата го донираше на внатрешно раселените лица од конфликтот во 2001 година кои беа сместени во нашето прифатилиште до лето 2006 година.

**Донација од Подравка**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши доби донација од прехрамбени артикли од Подравка А.Д. Скопје. Производите ги наменивме за децата кои го посетуваат Дневниот центар за деца на улица каде што

добиваат ужинка, ги задоволуваат хигиенските потреби и се работи на нивно социјално интегрирање.

**Поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка- Претставена од канцеларијата за соработка во Скопје**

На 01 Април 2008 година, врз основа на договорот за техничка поддршка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Швајцарија потпишан на 26 Октомври 1999 година, Швајцарската агенција за развој и соработка, претставена од канцеларијата за соработка во Скопје даде институционална поддршка на Првата детска амбасада во светот Меѓаши, Република Македонија во износ од 30.000 CHF за период од 01.04.2008 до 30.04.2009.

## *ЧЛЕНСТВА*

Меѓународните членства од кои Првата детска амбасада во светот Меѓаши е дел се:

-Nobody's Choldren Foundation
-Global March Against Child Labour
-Global Campaign for Education
-European Children's Network (EURONET)
-EUROCHILD
-Child Helpline International
-The European Federation for Street Children (EFSC)
-Human Rights House Network
-Child Rights Information Network (CRIN)
-Women's World Summit Foundation (WWSF)
-UNITER for Intercultural Action

Првата детска амбасада во светот Меѓаши членува и во неколку домашни коалиции, и тоа:

- Граѓанска платформа на Македонија
- Коалиција Сите за правично судење
- Македонија без дискриминација

Извештајот го подговтвија:
Гордана Пирковска Змијанац – Програмска директор и основачка
Катерина Конеска –Асистентка на Канцларија

Одобрил:
М-р Драги Змијанац – Извршен директор - осовач